С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 9 година XLII** **31 Мај 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

120.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/5
31мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05), а во согласност со Законот за буџети („Сл.весник на РМ" бр.64/05), Советот на Општина Велес на седницата одржана 30.05.2006 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2006 година, се вршат следните измени:

	Буџет 2006	**Ребаланс 2006**
Вкупни приходи и тоа:	**187.618.938**	**197.784.545**
- тековно-оперативни приходи	76.079.701	70.714.703
- наменски дотации	38.598.477	36.493.460
- капитални дотации	10.872.000	10.872.000
- трансфери	30.485.000	43.808.622
- донации	7.186.860	2.566.860
- приходи од самофинансир. активности	24.396.900	33.328.900
Вкупни расходи и тоа:	**187.618.938**	**197.784.545**
- утврдени намени	186.618.938	196.784.545
- резерви	1.000.000	1.000.000

Член 2

Во Буџетот на Општина Велес за 2006 година („Сл.гласник на Општина Велес" бр.15/05, 1/06), во раздел 71101, во „Билансот на приходи" - програма 00, се вршат следниве измени:

1.Во колоната „Основен буџет", с/ка 630 се менуваат следниве потставки:

-Износот од „16.850.000" ден. на потставката 713311 - Данок на промет на недвижности и права, се заменува со „17.850.000" ден.

-Износот од „20.000.000" ден. на потставката 717137 - Надоместок за уредување на градежно земјиште, се заменува со „13.541.379" ден.

-Износот од „1.280.744" ден. на потставката 725939 - Други неданочни приходи, се заменува со „1.374.367" ден.

-Износот од „10.454.000" ден. на потставката 741111 - Тековни трансфери од други нивоа на власт, се заменува со „12.499.000" ден.

-Износот од „0" ден. на потставката 741114 - Пренесен вишок на приходи од предходната година, се заменува со „11.278.622" ден.

2.Во колоната „Приходи од самофинансирачки активности", с/ка 787, се вршат измени во следниве потставки:

723011 - Такси за диплома и сертификат, износот од „36.000" д., се заменува со „56.000" д.

723012 - Такси за запишување, износот од „2.211.000" ден.,се заменува со „2.460.000" ден.

723013 - Такси за испити, износот од „642.000" ден., се заменува со „822.000" ден.

723019 - Други образовни такси, износот од „2.442.400" д., се заменува со „8.055.400" ден.

723112 - Средства за екскурзии, износот од „0" ден., се заменува со „280.000" ден.

723116-Надом.за оброци во ученички и студентски домови,училишта, градинки и други институции износот од „6.218.000" ден. се заменува со„6.518.000" ден.

723119 - Други помошни активности во образованието, износот од „6.407.500" денари, се заменува со „7.337.500" ден.

723411 - Членарина во институции во областа на културата, износот од „340.000", се заменува со „590.000" ден.

723911 - Закупнина од објекти, износот од „0" ден., се заменува со „1.030.000" ден.

725939- Други неданочни приходи, износот од „0" ден., се заменува со „80.000" ден.

3. Во колоната „Приходи од донации" износот од „4.620.000" денари на потставката 742119 - Други општи и тековни донации, се заменува со „0" денари.

4. Во колоната „Приходи од наменски дотации", с/ка 930, се вршат следниве измени:

- Износот од „24.536.247" ден. на потставката 741118 - Наменска дотација на Општината за активности од образованието се заменува со „22.165.614" ден.

- Износот од „8.610.220" ден. на потставката 741119 - Наменска дотација на Општината за активности од пожарникарството, се заменува со „8.800.600" ден.

- Износот од „0" ден на потставката 741114 - Пренесен вишок на приходи од предходната година, се заменува со „75.236" ден.

Член 3

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи", во колоната за „Основен буџет", с/ка 630 се вршат измени во следниве програми:

1. Во програма А - Совет на Општина, потпрограма А0 - Совет на Општина, се додаваат следниве нови потставки:

423410 - Прехранбени продукти и пијалоци, износот од „0" ден. се заменува со износот од „1.082.500" ден.

423710 - Средства за одржување на хигиена, износот од „0" ден. се заменува со износот од „17.500" ден.

423990 - Други материјали, износот од „0" ден. се замен. со износот од „30.000"ден.

464990 - Други трансфери, износот од „0"ден. се замен. со износот од „100.000"ден.

2.Во Програма Е - Општинска администрација, се вршат следниве измени:

а) Во Потпрограма Е0 - Општинска администрација се намалуваат следниве потставки:

401120 - Основни плати-државни службеници, износот од „8.488.000" ден. се заменува со „7.890.000" ден.

401510 - Персонален данок од доход од плата, износот од „1..209.800" ден., се заменува со „1.130.800" ден.

402110 - Основ.придонес за ПИО, износот од „3.250.993" ден., се заменува со „3.040.993 ден.

402210 - Основ.придонес за здравство, износот од „1.414.650" ден. се заменува со „1.322.650" ден.

402220 - Основ.придонес за професионално заболување, износот од „83.405" ден. се заменува со „78.405" ден.

402310 - Основ.придонес до Агенција за вработување, износот од „266.895" ден. се заменува со „250.895" ден.

б) Во Потпрограма ЕА - Капитални трошоци на Општината, износот на потставката 482930 - Реконструкција на други објекти од „3.754.000" се заменува со „5.874.000" ден.

3. Во Програма F - Урбанистичко планирање и уредување на просторот, се вршат следниве измени:

а) Во Потпрограмата F2 - Уредување на градежно земјиште, износот од „5.900.000“ ден., на потставката 424320 - Одржување на автопати, улици и патишта, се заменува со „6.500.000“ ден.

б) Во Потпрограма F3 - Уредување на простор во рурални подрачја, износот од „2.300.000“ ден., на потставката 424390 Одржување на други градби, се заменува со „3.600.000“ ден.

в) Во Потпрограма FA - Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци), износот од 15.350.000“ ден., на потставката 482920 - Изградба на други објекти, се заменува со „11.250.000“ ден.

4. Во Програма J - Комунални дејности, се вршат следниве измени:

а) Во Потпрограма J0 - Одржување на урбана опрема, износот од „150.000“ ден. на потставката 424390 - Одржување на други градби, се заменува со „330.000“ ден.

б) Во Потпрограма J6 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќајот, износот од „1.000.000“ ден. на потставката 424390 - Одржување на други градби, се заменува со „1.500.000“ ден.

в) Во Потпрограма J8 - Други комунални услуги, се додава нова потставка 425510 - Ветеринарни услуги во износ од „200.000“ ден.

г) Во Потпрограма JD - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, износот од „10.170.000“ ден. на потставката 482120 - Изградба на улици, патишта и автопати, се заменува со „12.020.000“ ден., а износот од 9.602.000“ ден. на потставката 482920 - Изградба на други објекти, се заменува со „8.972.000“ ден.

д) Во Потпрограма JM - Паркови и зеленило (капитални расходи), износот од „1.800.000“ ден. на потставката 482920 - Изградба на други објекти, се заменува со „1.900.000“ ден.

5. Во Програма К - Култура се вршат следниве измени:

а) Во Потпрограма К4 - Културни манифестации и творештво, износот од „3.120.000“ ден., на потставката 464990 - Други трансфери, се заменува со „2.975.000“ ден; и
Се додаваат следниве нови потставки:

401520 - Персонален данок на доход, износот од „0“ ден., се заменува со „200.000“ ден.

420120 - Патување во земјава-патни расходи,износот од „0“ден. се заменува со „185.620“ ден.

425990 - Други договорни услуги, износот од „0“ ден. се заменува со „758.000“ ден.

426990 - Други оперативни расходи, износот од „0“ ден. се заменува со „1.000.000“ ден.

б) Во Потпрограма КА - Културни манифестации (капитални трошоци), износот од „0“ ден. на потставката 483290 - Купување на друга опрема, се заменува со „800.000“ ден.

6. Во Програма L - Спорт и рекреација, се вршат следниве измени:

а) Во Потпрограма L0 - спорт и рекреација, износот од „1.880.000“ денари на потставката 464990 - Други трансфери се заменува со „1.960.000“ денари.

б) Во Потпрограма LA - Спорт и рекреација (капитални трошоци), се менуваат следниве потставки:

482920 - Изградба на други објекти, износот од „0“ ден., се заменува со „1.780.000“ ден.

483290 - Купување на друга опрема, износот од „0“ ден., се заменува со „50.000“ ден.

7. Во Програма М - Социјална заштита и заштита на деца, Потпрограма М1 - Детски градинки, износот од „0“ ден. на потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, се заменува со „300.000“ ден.

8. Во Програма N - Образование, Потпрограма N1 - Основно образование, износот од „100.000“ ден. на потставката 424210 - Одржување на згради, се заменува со „700.000“ ден.

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи“, во колоната за „Расходи од самофинансирачки активности“ се вршат следниве измени:

1. Во Програма К - Култура, Потпрограма К1 - Библиотекарство се врши зголемување на следниве потставки:

421110 - Електрична енергија, износот од „50.000“ ден. се заменува со „100.000“ ден.

421120 - Водовод и канализација, износот од „3.000“ ден. се заменува со „5.000“ ден.

421310 - Пошта, износот од „6.000“ ден. се заменува со „11.000“ ден.

421320 - Телефон и телефакс, износот од „18.000“ ден. се заменува со „178.000“ ден.

423110 - Канцелариски материјали, износот од „27.000“ ден. се заменува со „42.000“ ден.

423210 - Материјали за АОП, износот од „8.000“ ден. се заменува со „18.000“ ден.

423710 - Средства за одрж.на хигиена, износот од „20.000“ ден. се заменува со „27.000“ ден.

423720 - Ситен инвентар,алат и др.матер ,износот од „7.000“ ден. се заменува со „17.000“ ден.

423990 - Други материјали, износот од „13.000“ ден. се заменува со „23.000“ ден.

424410 - Поправки и одрж.на мебел, износот од „5.000“ ден. се заменува со „15.000“ ден.

424420 - Поправки и одрж.на софтвер, износот од „5.000“ ден. се заменува со „15.000“ ден.

425310 - Правни услуги, износот од „1.000“ ден. се заменува со „2.000“ ден.

425920 - Услуги за копир.печат. и издав.,износот од „7.000“ден.се заменува со„12.000“ ден.

425990 - Други договорни услуги, износот од „10.000“ ден. се заменува со „40.000“ ден.

426990 - Други оперативни расходи, износот од „2.000“ ден. се заменува со „7.000“ ден.

2. Во Програма N - Образование, Потпрограма N1 - Основно образование, се вршат измени на следниве потставки:

- Се врши зголемување на следниве потставки:

420110 - Патува.во земјата-храна. (дневница),изн.од „165.000“ден.се замен.со „245.000“ ден.

421110 - Елкектрична енергија, износот од „25.000“ ден., се заменува со „625.000“ ден.

421120 - Водовод и канализација, износот од „0“ ден. се заменува со „90.000“ ден.

421320 - Телефон и телефакс, износот од „58.715“ ден. се заменува со „168.715“ ден.

423990 - Други материјали, износот од „118.101“ ден. се заменува со „128.101“ ден.

424210 - Одржување на згради, износот од „40.000“ ден.се заменува со „250.000“ ден.

425250 - Осигурување на недвиж.и права, износот од „100.000“ден.се замен.со „150.000“ ден.

425760 - Превозни услуги во образов., износот од „20.000“ ден.се заменува со „1.390.000“ден.

425990 - Други договорни услуги, износот од „138.100“ ден. се заменува со „1.444.100“ ден.

426990 - Други оперативни расходи, избносот од „235.000“ ден.се заменува со „375.000“ ден.

483240 - Купување на инофрм.и видео опрема,износот од „8.000“се заменува со „88.000“ден.

- Се додаваат нови потставки:

420120 - Патув.во земјата-патни расходи, износот од „0“ ден. се заменува со „40.000“ ден.

423190 - Други административни матер.,износот од „0“ ден. се заменува со „42.000“ ден.

3. Во Програма N - Образование, Потпрограма N2 - Средно образование, се врши зголемување на следниве потставки:

420110 - Патува.во земјата-храна. (дневница),изн.од „128.600“ден.се замен.со „181.600“ ден.

420120 - Патување во земјата-патни расходи,изн.од „138.500“ден.се замен.со „320.500“ ден.

421110 - Елкектрична енергија, износот од „40.000“ ден., се заменува со „326.000“ ден.

421120 - Водовод и канализација, износот од „20.000“ ден. се заменува со „168.000“ ден.

421320 - Телефон и телефакс, износот од „188.700“ ден. се заменува со „378.700“ ден.

423110 - Канцелариски мартеријали, износот од „430.000“ ден. се заменува со„592.000“ ден.

423710 - Средства за одрж.на хигиена, износот од „110.000“ден.се заменува со „164.000“ ден.

423990 - Други материјали, износот од „397.000“ ден. се заменува со „619.000“ ден.

424210 - Одржување на згради, износот од „590.000“ ден.се заменува со „787.000“ ден.

424230 - Дезинфек.дезинсек и дератизација, износот од „0“ ден.се заменува со „7.000“ ден.

424420 - Поправ. и одрж.на софт.и хард.опрема, изн.од„50.000“ ден. се замен.со „75.000“ ден.

424430 - Поправки и одрж.на опрема, износот од „96.900“ ден. се заменува со „368.900“ ден.

425230 - Осигурув.на враб.(несреќи,живот) износот од „90.000“ден.се замен.со„210.000“ ден.

425250 - Осигурување на недвиж.и права износот од „224.000“ ден.се замен.со „259.000“ ден.

425490 - Други здравствени услуги износот од „0“ ден.се заменува со „3.000“ ден.

425990 - Други договорни услуги, износот од „940.000“ ден. се заменува со „986.000“ ден.

426990 - Други оперативни расходи, износот од „554.000“ ден. се заменува со „942.000“ ден.

483120 - Купување на учил. мебел, износот од „436.000“ ден. се заменува со „1.591.000“ ден.

483510 - Книги за библиотеки и учебници, изн. од „30.000“ ден. се заменува со „55.000“ ден.

- Се додаваат нови потставки:

421410 - Горива и масла (моторни возила) износот од „0“ ден., се заменува со „150.000“ ден.

421420 - Регистрација на моторни возила, износот од „0“ ден., се заменува со „20.000“ ден.

423310 - Униформи, износот од „0“ ден., се заменува со „7.000“ ден.

423410 - Прехранбени породукти и пијалоци, износот од „0“ ден.,се заменува со„10.000„ ден.

424110 - Поправка и сервис на лесни возила, износот од „0“ден.,се заменува со „40.000“ ден.

425290 - Други финансиски услуги, износот од „0“ ден., се заменува со „36.000“ ден.

425310 - Правни услуги, износот од „0“ ден., се заменува со „10.000“ ден.

425750 - Услуги за вонучилиш.образ.активности, износот од „0“ден.се замен. со„10.000“ ден.

425760 - Превозни услуги во образованието, износот од „0“ ден. се заменува со „30.000“ ден.

425790 - Други образовни услуги, износот од „0“ ден., се заменува со „564.000“ денн.

425920 - Услуги за копирање,печатење и издав.,износот од „0“ден.се заменува со „7.000“ ден.

483240 - Купување на иформ.и видео опрема,износот од „0“ ден. се заменува со „20.000“ ден.

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи“, во колоната за „Расходи од донации“ се врши бришење на следниве потставки:

-Во Програма Е - Општинска администрација, Потпрограма ЕА - Капитални трошоци на Општината, износот на потставката 482930 - Реконструкција на други објекти од „200.000“ ден., се заменува со „0“ денари.

- Во Програма К-Култура, Потпрограма К4-Културни манифестации и творештво, износот од „810.000“ден. на потставката 442190 -Други трансфери од областа на културата,се заменува со „0“д.

- Во Програма К - Култура, Потпрограма КА - Културни манифестации и творештво (Капитални трошоци), износот од „800.000“ ден. на потставката 483290 - Купување на друга опрема, се заменува со „0“ денари.

- Во Програма L - Спорт и рекреација, Потпрограма LA - Спорт и рекреација (Капитални трошоци), се вршат следниве измени:

482920 - Изградба на други објекти, износот од „2.460.000“ ден.,се заменув а со „0“ ден.

483290 - Купување на друга опрема, износот од „50.000“ ден., се заменува со „0“ ден.

- Во програма М - Социјална заштита и заштита на деца, Потпрограма М1 - Детски градинки, износот од „300.000“ ден. на потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации, се заменува со „0“ денари.

Во посебниот дел на Буџетот на Општина Велес, раздел 71101, во „Билансот на расходи“, во колоната за „Расходи од наменски дотации“ се вршат следниве измени:

1. Во Програма К - Култура, Потпрограма К3 - Музејска и кинотечна дејност, износот од „180.000“ ден. на потставката 421320 - Телефон и телефакс, се заменува со „184.922“ денари.

2. Во Програма N - Образование се вршат следниве измени:

а) Во потпрограма N1 - Основно образование, износот од „7.281.300“ денари на потставката 421240 - Течни горива, се заменува со износот од „7.732.391“ денари.

б) Во програмата N2 - Средно образование, износот од „3.562.804“ денари на потставката 421240 - Течни горива, се заменува со износот од „3.918.533“ денари.

в) Во потпрограмата N3 - Превоз на ученици од основно образование, износот од „6.940.930“ денари на потставката 425760 - Превозни услуги во образованието, се заменува со износот од „3.833.791“ денари.

3. Во програма W -„Противпожарна заштита", потпрограма W0 - „Противпожарна заштита", износот од „446.364“ денари на потставката 402120 - Придонес за бенифициран стаж, се заменува со износот од 636.744“ денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 0701-2035/5
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

121.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за град Велес

Се прогласува Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за град Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/2
31мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05) член 22, став 1,точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) член 23, Статутот на Општина Велес(Службен гласник на Општина Велес бр.1/03, 5/05 и 9/05), Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.05.2006 година донесе,

О Д Л У К А
за донесување на Генерален урбанистички план за град Велес

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Генерален урбанистички план за град Велес.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и Графички дел со параметри за спроведување на Генерален урбанистички план за град Велес;

Согласност од Министерството за транспорт и врски Скопје;

Извештај од стручна расправа со образложение за неприфатени забелешки .

Член 3

Донесувањето на Генерален урбанистички план за град Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден во Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски-Скопје, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 4

За донесувањето на Генералениот урбанистички план за град Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.18-6191 од 08.05.2006 година.

Член 5

Спроведувањето на Генералниот урбанистички план за град Велес ќе го врши Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 6

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за донесување на Основен урбанистички план на Титов Велес бр..08-4215/1 од 24.05.1983 година.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07012035/2
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

122.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населба„Керамидна"-Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од неселба „Керамидна"-Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/3
31мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05) член 22, став 1,точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) член 23 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.05.2005 година донесе

О Д Л У К А
за измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населба ,,Керамидна,, - Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измени и дополнување на Детален урбанистички план за МЗ „Алексо Демниевски - Бауман" за населба "Керамидна" - Велес, донесен од страна на Собранието на Општина Титов Велес со Одлука за донесување на урбанистички план бр.08 - 177/1 од 21.12.1994 година.

Документацијата за измена и дополнување на деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

Член 2

Просторот за кои се однесуваат измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Керамидна" - Велес е со површина на урбано подрачје од 2,6 ха.

Во документационата основа и во планираниот развој опфатени се три урбани модули, а просторот е дефиниран во поголем дел - домување во семејни куќи.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

-на северо-исток оди по осовината на ул. „Камка Тоцинова";

-на југо-исток оди по осовината на ул. „Камка Тоцинова"

-на југо-запад оди по осовината на ул. „Мите Богоевски" и по границата на КП 17286, КП 17287/1,и КП 17287/2 до ул. „Камка Тоцинова"

-на северо-запад границата оди по улица ул „ Камка Тоцинова".

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Керамидна" Велес;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

- Извештај од стручната консултација и јавната анкета на Нацрт планот на измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план на дел од населба „Керамидна" Велес.

Член 4

За измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Керамидна" Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.18-7005 од 15.05.2006 година.

Член 5

Измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Керамидна" Велес ги потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Керамидна" Велес ќе ги спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07012035/3
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов.с,р.

123.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП „Трајко Панов" - Младински парк - Велес

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на ДУП „Трајко Панов" - Младински парк-Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/4
31мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05) член 22, став 1,точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) член 23, (Статутот на Општина Велес бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.05.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за измени и дополнување на Детален урбанистички план за МЗ ,,ТрајкоПанов"- Младински парк - Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измени и

дополнување на Детален урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк - Велес, донесен од страна на Собранието на Општина Велес со Одлука за донесување на урбанистички план бр.08 - 411/11 од 28.02.2002 година.
Документацијата за измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистико планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.

Член 2

Просторот за кој се однесуваат измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк - Велес е со површина на урбано подрачје од 6,0 ха.

Во докумантационата основа и во планираниот развој опфатени се 2 урбани модули, а просторот е дефиниран во поголем дел јавни објекти.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

-на запад улицата „Наум Наумовски Борче”;

-на север улицата „Алексо Демниевски”

-на исток сервис на улица кон домот на АРМ па продолжува по западната граница на КП 1818 и КП 1817 до улицата „Алексо Демниевски”

-на југ границата оди по улицата „ Благој Ѓорев”.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на измени и дополнување на Детален урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк - Велес

- Стручна ревизија на Нацрт план изготвена од „Урбан“ ДОО Штип;

- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

- Извештај од стручната консултација и јавната анкета на Нацрт планот на измените и дополнувањата на Детален урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“- Младински парк Велес.

Член 4

За измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.18-8718 од 22.05.2006 година.

Член 5

Измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк Велес ја потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден до Министерството за транспорт и врски, еден до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден до Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес на чување и користење како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Член 7

Измените и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за МЗ „Трајко Панов“ Младински парк - Велес ќе ја спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник” на Општина Велес.

Број 0701-2035/4
30 05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов

124.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/6
31 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на чллен 45 став 2 од Законот за Основно образование („Сл.весник на Република Македонија" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97,82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63//04, 55/05, 81/05,113/05 и 35/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат реоните на секое општинско основно училиште во Општина Велес.

Член 2

Реоните на општинските основни училишта од Општина Велес се утврдуваат како што следува:

1.Реонот на Општинско основно училиште " Васил Главинов " Велес започнува од границата со реонот на ООУ „Васил Главинов" и реонот на ООУ „Блаже Конески" од ул. „Стеван Бобев",продолжува по улицата „Киро Ќучук" која припаѓа на ООУ „Блаже Конески" и излегува на ул. „Благој Ѓорев" кај раскрсницата на Трговски центар (пазарче). Продолжува по ул. „Благој Ѓорев" и ги опфаќа нејзините парни броеви (лева страна) до раскрсницата кај Гимназија „Кочо Рацин". Свртува лево и продолжува по улица „Наум Наумовски Борче" до семафорите, потоа го затвора реонот продолжувајќи по ул. „Васа Кошулчева и „Вардарска". Во овој реон спаѓаат населбите Шорка, Нови Велес, Комплекс УЗУС, Керамидна, Тунел и Камено Брдо до ул. „Стеван Бобев". Во овој реон не влегува уличниот систем на населба Превалец.

Во состав на ООУ „Васил Главинов" работат подрачните училишта:

-подрачно осумгодишно училиште во село Бузалково;

- подрачно четиригодишно училиште во село Клуковец;

- подрачно четиригодишно училиште во село Сливник;

- подрачно четиригодишно училиште во село Раштани.

2. Реонот на Општинско основно училиште " Блаже Конески " Велес започнува од границата со реонот на ООУ „Васил Главинов", односно со ул. „Киро Ќучук" и нејзиниот спој со ул. „Благој Ѓорев". Продолжува по десната страна на „Благој Ѓорев" непарни броеви, се до раскрсницата со Гимназија „Кочо Рацин". Продолжува по ул. „Наум Наумовски Борче" до семафорите од нејзината десна страна и потоа свртува десно по ул. „Алексо Демниевски" до спојот со ул. „Димче Мирчев" , продолжува по целата должина на улицата, ги опфаќа сите улици во месноста „Дворови" и излегува на плоштад „Маршал Тито" кај споменикот на велешките илинденци. Свртува десно и ги опфаќа парните броеви на ул. „Маршал Тито до плоштад „Сармаале". Потоа продолжува по двете страни на ул. „Маршал Тито" до спојот со улиците „Благој Ѓорев" и „Алексо Демниевски" (кај Пошта). Потоа ги опфаќа двете страни на ул. „Благој Ѓорев до спојот со ул. „Васил Ѓоргов", продолжува по оваа улица до спојот со „Орце Мартинов", ја опфаќа ул. „Орце Мартинов" до спојот со улиците „Игманска", „ и „Милан Стрaчков" и ул. „Орце Мартинов" до крај и го затвора реонот. Овој реон ги опфаќа во целост месноста Дворови и Градскиот парк и улиците „Васил Ѓоргов" и „Петре Алчев" до местото на нивното спојување (под плоштад „Којник").

ООУ „Блаже Конески" во својот состав нема подрачни училишта.

3. Реонот на ООУ „Св. Кирил и Методиј" започнува од границата со реонот на ООУ „Блаже Конески" и тоа од спојот на улиците „Игманска", „Орце Мартинов" и „Милан Стрaчков" кон „Којник" и црквата „Св. Пантелејмон", се спушта до месноста „Долни Дуѓани" и ги опфаќа сите улици од десната страна на р. Вардар до мостот „Гемиџии".

Од плоштад „Сармаале" границата се движи по десната страна на ул. „Маршал Тито" (непарни броеви) до споменикот на велешките илинденци, а потоа продолжува од двете страни на ул. „Маршал Тито" до крај.

Во Состав на училиштето работи:

- подрачно четиригодишно училиште во село Црквино.

4.Реонот на ООУ " Благој Кирков" започнува од мостот "Гемиџии" продолжува десно по улицата "Димитар Влахов" до спојот со ул. „Петар Михов", продолжува по улица „Петар Михов", ја сече ул.„Вера Циривири" и завршува на спојот на улиците „Петар Михов", „Јован Наумов Алабакот" и „Богдан Каракостев". Сите улици десно од дефинираната граница на левиот брег на р. Вардар се во опфатот на реонот на ООУ „Благој Кирков".

Во состав на ова училиште работат подрачните училишта:

- подрачно четиригодишно училиште во село Караслари со реон Горно и Долно Караслари:

- подрачно четиригодишно училиште во село Чолошево.

5. Реонот на ООУ " Јордан ХК- Џинот "започнува од мостот "Гемиџии"лево по улицата "Димитар Влахов" до Автобуската станица, и од спојот на улицата "Димитар Влахов" со ул. „Петар Михов", продолжува по улица „Петар Михов", ја сече ул.„Вера Циривири" и завршува на спојот на улиците „Петар Михов", „Јован Наумов Алабакот" и „Богдан Каракостев". Сите улици лево од дефинираната граница на левиот брег на р. Вардар се во опфатот на реонот на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот".

Во опфатот на ова училиште е месноста Речани и с.Дурутовец.

Во состав на наведеното училиште работи:

- подрачно четиригодишно училиште во Башино Село.

6.Реонот на ООУ " Рајко Жинзифов " Долно Оризари, ги опфаќа населбата Превалец, населбата Порцеланка и селото Горно Оризари.

7. Реонот на ООУ " Стојан Бурчевски-Буридан" од село Иванковци ги опфаќа :
-селата Иванковци, Сујаклари, Мамутчево, Отовица, Рудник, Џидимирци, Крушје, Новачани, Кумарино и Сопот.

Во состав на наведеното училиште работат:

-подрачно осумгодишно училиште во село Сујаклари;
-подрачно четиригодишно училиште во село Мамутчево;

-подрачно четиригодишно училиште во село Отовица.

Член 3

Секое општинско основно училиште е должно да ги опфати училишните обврзници од својот реон.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник" на Општина Велес.

Број 0701-2035/6
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

125.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/7
31 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2035/7
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р/

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01 и 97/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година

1.Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година("Службен гласник на општина Велес"

бр. 15/06,3/06,4/06 и 7/06) се врши измена:
1.1. во глава В. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ:

После став 1 Трошоците за реализација, според намената и по поедини видови на елементи за уредувањето на општината се: во табелата Видови на трошоци,

-позиција Ф Урбано планирање износот 24.200.000,оо ден. се брише и се заменува со 24.900.000,оо ден.

-позиција Ф2 Одржување на улици износот 5.900.000,оо ден. се брише и се заменува со 6.500.000,оо ден. а во:

...точка 2.Благој Ѓорев од Ерик до Пошта (асфалтирање) износот 600.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.200.000,оо ден.

-позиција ФА Уредување на плоштади (капитални трошоци) износот 850.000,оо ден. се брише и се заменува со 950.000,оо ден. а:

...точка 1.Спој на ул.Благој Ѓорев со ул.Народен Фронт (Кенгур)- Фонтана износот 400.000,оо ден. се брише и се заменува со 600.000,оо ден.

...точка 4.Марксова износот 200.000,оо ден. се брише и се заменува со 100.000,оо ден.

-позиција J Комунални дејности износот 43.472.000,оо ден. се брише и се заменува со 42.772.000,оо ден.

-позиција J6 Одржување на локални патишта износот 1.600.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.300.000,оо ден. а во :

...точка 2. Редовно инвестиционо одржување износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 700.000,00 ден.;

-позиција ЈД Изградба на тротоари износот 4.070.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.470.000,оо ден. а :

...точка 2. Алексо Демниевски со износ 600.000,оо ден. се брише во целост .

-позиција ЈД Изградба на комерцијални објекти (разни зафати) износот 5.700.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.500.000,оо ден. а :

...точка 1. Фарбање на бетонски столбчиња на ул.Димко Најдов се брише во целост.

-позиција JM Паркови, зеленило и детски игралишта (капитални инвестиции) износот 800.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.200.000,оо ден. а во:

...точка 5. Парк Гимназија износот 100.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2035/7
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

126.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/8
31 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура-пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнув ање на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2035/8
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст (“Сл.весник на РМ” 66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006година, донесе,

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.15/05), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

- Во глава I Манифестации, позицијата под реден број 1 „ 43-ти Рацинови средби“ - се дополнува со следниот текст:

„ хонорари 281.000 ден.
- сместување 30.000 ден.
- патни трошоци 86.520 ден.
- озвучување и осветлување 13.000 ден.
- уредување на сцена 10.000 ден.“

- Во глава I Манифестации, позицијата под реден број 2 „ V Интернационален фестивал на античка драма „Стоби““ - се дополнува со следниот текст:

„ хонорари 228.000 ден.
- сместување 326.000 ден.
- патни трошоци и превоз 404.000 ден.
- озвучување и осветлување 50.000 ден.
- уредување на сцена 80.000 ден.
- награди 20.000 ден.“

- Во глава I Манифестации, позицијата под реден број 3 „ III Меѓународен фолклорен фестивал „Велес“ - се дополнува со следниот текст:

„ хонорари 76.000 ден.
- сместување 300.000 ден.
- превоз 39.100 ден.“

- Во глава III Трансфер на средства, износот „3.011.679“ се заменува со „3.341679“

- Во глава III Трансфер на средства, во позиција под реден број 2 „Расходи од самофинансирање Библиотека“, износот „340.000“ се заменува со „670.000“.

- Износот „вкупно 10.371.679“ се заменува со „10.701.679“.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-2035/8
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

127.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05), Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/9
31 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 16, став 1, точка 16 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-2035/9
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 101 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ" бр.52/02), член 118 од Законот за основно образование(„Сл. весник на РМ" бр.52/02), и член 16, став 1, точка 8 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

ПРОГРАМА
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2006 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.15/05), во табеларниот преглед се вршат следните измени:

-Во глава I-Трансфер на средства износот „45.060.007 " се заменува со „51.354.001";

-Во глава I-Трансфер на средства, Наменска дотација основно образование износот „12.327.780" се заменува со „12.774.640";

-Во глава I-Трансфер на средства, Наменска дотација средно образование износот „5.271.537 " се заменува со „5.619.810 ";

-Во глава I-Трансфер на средства, Наменска дотација превоз износот „6.940.930 " се заменува со „3.833.791 ";

-Во глава I-Трансфер на средства, Приходи од само финансирање-основно образование износот „12.625.500 " се заменува со „16.753.500 ";

-Во глава I-Трансфер на средства, Приходи од само финансирање-средно образование износот „5.331.400 " се заменува со „9.805.400 ".

Износот вкупно „45.760.007" се заменува со „**52.054001**".

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2035/9
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

128.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Препораката за преземање на мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Препораката за преземање на мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.05.2006 година.

Број 0801-2050/10
31 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 14 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 14 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05, 9/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Препораката за преземање мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја усвои Препораката за преземање мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-2035/10
30.05.2006 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23,став 1 точка 14 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03, 5/05 и 9/05)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.05.2006 година, донесе

П Р Е П О Р А К А
за преземање мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес

Согласно Законот за локална самоуправа Советот на Општина Велес му препорачува на раководното лице на Министерството за внатрешни работи - СВР Велес да преземе соодветни мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес во сите области за кои е надлежен.

Јавната безбедност

Во областа на јавната безбедност неопходно е интензивирање на делувањето на полицијата за откривање и спречување на криминалот, шверцот со опојни дроги и наркотични средства, заштита на имотот на општината и јавниот ред и мир.

Препораките за зголемување на јавната безбедност на граѓаните на Општина Велес се однесуваат на:

1.Интензивирање на контролата во доцните вечерни часови во деловите на градот каде што има послабо осветлување или се места каде што се собираат групи. Ова се однесува на скверовите на станбените објекти кои не се наоѓаат на главните сообраќајници, околу висококатниците, периферните населби, празните деловни објекти и сл., места добро познати на органите за безбедност.

2.Зголемување на контролата на местата каде што се поставени детските забавни паркови, во Градскиот парк како и на кејот на реката Вардар и околу него. Во вечерните часови на овие места се собираат сомнителни групи, се уништуваат елементите од урбаната опрема и забавните паркови, особено опасноста од нивно уништување следи во периодот што доаѓа. Интензивирањето на контролата е неопходно особено после 22:00 часот.

3.Зголемено присуство на полицијата околу училиштата, особено во вечерните часови и во време на доаѓање и заминување на учениците.

4.Зголемено присуство на полицијата кај спомениците и спомен-обележјата, особено на Спомен-костурницата.

5.Зголемена контрола на јавниот ред и мир при почитувањето на пропишаното работно време на кафулињата и кафе-баровите во ноќните часови.

6.Зголемена контрола на продавањето и точењето на алкохолни пијалоци на малолетни лица.

7. Зголемена контрола при употреба на огнено оружје на семејни прослави и други масовни манифестации.

Безбедност во сообраќајот

Во областа на безбедноста на сообраќајот неопходна е интензивирање на контролата и преземање мерки и санкции со цел почитување на сообраќајните прописи утврдени со закон, избегнување на сообраќајниот хаос, отстранување на тесните сообраќајни грла и создавање ред во одвивањето на патниот сообраќај.

Препораките за зголемување на безбедноста во сообраќајот на граѓаните на Општина Велес се однесуваат на:

1. Санкционирање на граѓаните кои своите возила ги паркираат на местата одбележани за такси станици и забранетите простори за паркирање, со посебен акцент на уредените тротоари.

2. Санкционирање на паркирањето во две колони на такси возила на такси станиците.

3. Санкционирање на паркирање на такси возила надвор од обележаните такси станици, односно паркирање на такси возила во раскрсници.

4. Отстранување на паркирани нелиценцирани такси возила од такси станиците.

5. Преземање посебни мерки на контрола кон нелегалните таксисти.

6.Зголемена контрола на меѓуградската автобуска станица во однос на паркирање на возилата како на такси станицата, така и на улиците кои гравитираат кон автобуската станица, односно да се одстрануваат од такси станицата оние возила кои не се лиценцирани и немаат никакви ознаки на возилата за вршење на авто-такси превоз на патници.

7.Санкционирање на граѓаните кои своите возила ги паркираат на автобуските стојалишта, а со тоа ја деградират основната намена на автобуските стојалишта.

8.Санкционирање на возачите на автобусите и комби возилата кои истите ги запираат надвор од автобуските стојалишта.

9. Елиминирање на селективниот приод кон лицата што се казнуваат за прекршоци во одвивањето на сообраќајот.

10. Контрола и поголемо присуство на сообраќајната полиција во прилог на правилно одвивање на сообраќајот кон приодите во црквите за време на викендите и верските празници.

11. Зголемена контрола на одвивање на сообраќајот кон приодите на пазарите во пазарните денови.

Советот на Општина Велес му препорачува на началникот на МВР-СВР - Велес во интензивираната контрола да ги опфати и другите области од своите надлежности со што ќе даде поголем придонес во обезбедувањето на безбедноста на граѓаните на Велес.

Број 0701-2035/10
30.05.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р

Бр на акт	Содржина	Страница
120	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година** **ОДЛУКА за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2006 година**	159
121	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за донесување на Генерален урбанистички план за град Велес** **О Д Л У К А за донесување на Генерален урбанистички план за град Велес**	163
122	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населба„Керамидна“ Велес** **О Д Л У К А за измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населба ,,Керамидна,, - Велес**	164
123	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на ДУП „Трајко Панов“ - Младински парк - Велес** **О Д Л У К А за измени и дополнување на Детален урбанистички план за МЗ ,,ТрајкоПанов“- Младински парк - Велес**	
124	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на реоните на општинските основни училишта во Општина Велес**	166
125	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2006 година**	168

Бр на акт **Страница**

126 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година** 169

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнув ање на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година

127 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година** 170

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

ПРОГРАМА за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2006 година

128 **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Препораката за преземање на мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес** 171

З А К Л У Ч О К за усвојување на Препораката за преземање мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес

П Р Е П О Р А К А за преземање мерки за зголемување на безбедноста на граѓаните на Општина Велес

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00